**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за пријавување на јавни говорници**
**на теми поврзани со Ромите,**
**за ораторски настапи**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“, објавува повик за пријавување на матуранти, студенти и дипломирани лица за јавни говорници на теми поврзани со Ромите, за ораторски настапи, во рамки на проектот: „Ромаверзитас - со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“. Проектот е финансиран од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

## Опис на ораторските настапи

ЗГ „РОМАВЕРЗИТАС“ ќе организира ораторски настапи со јавни говори на теми за ромскиот народ – минато, сегашност и иднина. Темите на јавните говори, во согласност со афинитетите на селектираните јавни говорници, ќе ги опфатат: ромскиот идентитет, ромскиот јазик, ромската историја, култура и традиција, ромското/младинското движење/организирање, наративот за Ромите, актуелни прашања и проблеми на ромската заедница во Македонија и други теми кои се поврзани со Ромите.

<u>Процесот на подготовка на јавните говори ќе помине низ три фази:</u>

I фаза – теоретско воведување во ораторство

II фаза – дизајнирање на структура на говор и пишување на говор

III фаза – подготовка на ораторски настап

## Работни задачи на јавните говорници:

- Да учествуваат на индивидуални и/или групни работните средби со менторот во период од околу шест седмици;
- Да подготват јавен говор за одредена тема во соработка и согласност со менторот и менаџментот на организацијата, најдоцна пет работни дена од првата средба;
- Да ги почитуваат предлозите и препораките на менторот;
- Да одржат јавен говор на ораторските настапи.

## Услови за пријавување

Заинтересираните кандидати за јавни говорници треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Да се редовни ученици во последна учебна година, доколку се матуранти;
- Да се редовни студенти Роми на додипломски студии на државни или приватни универзитети во Република Македонија, доколку се студенти;
- Да се дипломирани Роми, доколку се лица со завршено високо образование.

## Документи за пријавување

Заинтересираните кандидати за јавни говорници треба да ги достават следниве документи:

- Потврда за редовен ученик, доколку се матуранти;
- Потврда за редовен студент, доколку студираат;
- Скенирана диплома за завршено високо образование, за лица со завршено високо образование;

**Начин и рок на пријавување**

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk , со назнака ***повик за јавни говорници за 8 април,*** **најдоцна до 26 Февруари 2019, до 14 часот.**

**Селекција на кандидати**

Потврдување на подобност на кандидатите ќе ја вршат менаџментот и членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“, а селекцијата на јавните говорници ќе ја врши ангажираниот експерт/ментор, во текот на втората фаза од процесот.

Критериуми при процесот на селекција на кандидати се:

- почитувањето на дефинираната структура на говор;
- квалитетот на пишаниот говор.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/443773, секој работен ден од 10.00 до 18:00 часот или електронски на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk.